FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

ЗМАИ
Здружение за истражување и анализа

КОМПАРАТИВНА ПРАВНА АНАЛИЗА
ВО ДЕЛОТ НА ДЕЛОВНО / КОМПАНИСКО ПРАВО

(Можности и регулативи за основање на компанија,
третман на странски компании и слично)



Компаративната анализа го вклучува деловното право во земји кои ја покренаа иницијативата ОТВОРЕН БАЛКАН: Северна Македонија, Србија и Албанија и потенцијалните придружнички на иницијативата, како Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово.

Издавач: Здружение за истражување и анализи ЗМАИ Скопје

Автори: Даниела Јаќимовиќ

Уредник: Виктор Митевски

Лектура: Жанет Ристоска

Подготовка: Винсент Графика ДОО Скопје

Печати: Винсент Графика ДОО Скопје

Тираж: 50

Скопје, декември 2023 година

Содржината е единствена одговорност на авторот и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација Отворено општество-Македонија.

Текстот е на македонски и англиски јазик и Проектот е финансиран од Фондација Отворено општество-Македонија

ТЕМИ

ФОРМИ НА ДЕЛОВНО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски друштва (компании)

- Форми
- Услови за основање
- Основачки капитал (основна главнина)
  - видови
  - износ
- Влогови
  - видови
  - износи
- Услови за основање без основна главнина /влог
- Можност за трансформација на заем во влог

Трговец- поединец

- Физичко лице вршител на дејност

СТРАНСКО ДРУШТВО И СТРАНСКИ ТРГОВЕЦ-ПОЕДИНЕЦ

- Критериуми за припадност
- Положба во работењето
- Примена на правото

ПОДРУЖНИЦИ И ПРЕТСТАВНИШТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА

- Услови за основање

СТРАНСКО ЛИЦЕ КАКО ОСНОВАЧ, СОДРУЖНИК И АКЦИОНЕР

- Услови под кои странско лице може да биде содружник, односно акционер
- Права на странски лица

КЛАСИФИКАЦИЈА НА ТРГОВЦИТЕ

- Услови за категоризација
  - микро / мал / среден / голем

СТЕПЕН НА КАПИТАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ДРУШТВА – СТЕПЕН НА УЧЕСТВО

- Учество
- Значајно учество
- Мнозинско учество или мнозинско право на одлучување
- Заемно учество

ВИДОВИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ – ПОВРЗУВАЊЕ

- Стопанска интересна заедница
- Холдинг

ГОДИШНИ ИЗВЕСТУВАЧКИ ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ КОН ОСНОВАЧИТЕ И ОРГАНИТЕ

- Годишни сметки и финансиски извештаи, ревизија и усвојување
- Консолидирани годишни сметки и Консолидирани финансиски извештаи

РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА НА ДРУШТВОТО

- Дивиденда
- Покривање на загуба

ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

КОМПАНИСКО ПРАВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Правна рамка

Уставот на Македонија го гарантира еднаквиот третман на сите учесници на пазарот и правото за странските инвеститори слободно да ги пренесат и вратат инвестициите, капиталот и добивката.

Законот за трговските друштва – **ЗТД** („Сл. весник“, бр. 28/04 и број 99/22) е основен законски пропис во правниот поредок на Северна Македонија со кој се уредени аспектите на основањето, работењето, корпоративното управување, моделите на статусните промени, преобразбата на друштво од една во друга форма, процедурите на годишното финансиското известување и престанокот на деловните субјекти во Северна Македонија. Со делот од одредбите ЗТД ја уредува правната положба, дозволените форми на вложувања и работење на странските лица (нерезиденти) во Северна Македонија. Нормативниот третман на странските директни инвестиции се заокружува со Законот за девизно работење – **ЗДР** („Сл. весник“, бр. 34/01 и број 23/16), преку регулирање на нивното регистрирање пред надлежна институција, како и преку дефинирање на правните гаранции што им се обезбедуваат на странските инвеститори во однос на вложените средства. Комплексноста на функционирањето на деловните субјекти е предмет и на даночната и царинската регулатива, платниот промет, регулативата за работните односи, меѓународните стандарди, билатералните договори кои Северна Македонија ги има склучено со другите држави и бројните подзаконски прописи.

Форми на деловно организирање во Северна Македонија

Основни форми на деловно организирање во Северна Македонија се:

- трговци поединци - физички лица кои вршат стопанска дејност и
- трговски друштва – правни лица.

Во поглед на изборот на модели на трговските друштва, македонскиот ЗТД е компатибилен и кореспондира, пред сè, со правните системи на civil law системите (Германија, Шпанија, Франција, Италија, Холандија), што е карактеристично и за компарираните законодавства на Србија и Албанија

Трговец поединец

Трговец поединец е физичко лице кое во вид на занимање врши некоја од трговските дејности (индивидуален вршител на трговска дејност). Тој се регистрира без влог и одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот. Физичко лице како трговец поединец може да организира само една фирма.

Трговски друштва (компании)

Трговско друштво е правно лице во коешто едно или повеќе лица (правни и/или физички) вложуваат пари, материјални добра и/ или права што ги користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето. Трговското друштво стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар.

Според форма, трговските друштва се делат на:

- друштво со ограничена одговорност (ДОО) – во кое членуваат содружници;
- акционерско друштво (АД) – во кое членуваат акционери;
- јавно трговско друштво (ЈТД) – во кое членуваат содружници;
- командитно друштво (КД) – во кое членуваат комплементари и командитори;
- командитно друштво со акции (КДА) – во кое членуваат комплементари и акционери.

Основна поделба на трговските друштва во најголем број законодавства, вклучително и на Северна Македонија, е на персонални друштва (ЈТД,) и друштвата на капиталот (ДОО, АД). Постои и комбиниран модел во форма КД и КДА, но превагнуваат кон персонални друштва.

Друштва на капиталот

Кај **друштвата на капиталот** (ДОО, АД) суштината е во здружувањето на капиталот. Овие друштва имаат основна главнина, чиј најмал номинален износ е законски утврден. Може да бидат основани од еден или повеќе основачи (содружник/ници, односно акционер/и) чиишто основни влогови ја сочинуваат основната главнина на друштвото.

Содружниците во ДОО, односно акционерите во АД го носат ризикот за работењето на друштвото до висината на својот удел, во кое се кумулирани: вложените средстава (влогот) и севкупните права и обврски стекнати врз основа на влогот (учеството во добивката на друштвото, право на глас и право на дел од ликвидационата маса при престанокот на друштвото). Големината на уделот е условена со големината на влогот, со можност да се договори поинаку.

Приказ на карактеристиките на АД и ДОО според законодавството на Северна Македонија

Карактеристики	АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО (АД)	ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ (ДОО)
ОСНОВНА ГЛАВНИНА Најмал номинален износ	25.000 евра – при симултано основање без јавен повик.	5.000 евра /поделена на влогови
	50.000 евра – при сукцесивно основање преку јавен повик за запишување акции. / поделена на акции	
ОСНОВЕН ВЛОГ Најмал номинален износ	Минимум 1 акција со номинален износ од 1 евро.	Минимум 100 евра Содружникот може да има само еден влог/удел

ФОРМА НА ВЛОГОТ	Паричен и/или непаричен (подвижен имот и недвижности; права кои имаат имотна вредност; заем од единствениот акционер трансформиран во влог), не и труд и услуги.	Паричен и/или непаричен (подвижен имот, недвижности; права кои имаат имотна вредност; заем од содружник или надворешен инвеститор трансформиран во влог), не и труд и услуги.
БРОЈ НА ОСНОВАЧИ /содружници	Еден или повеќе, физички и/или правни лица.	Еден содужник (ДООЕЛ) или повеќе содружници (ДОО), макс. 50, физички и/или правни лица.
СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ	Едностепен **систем на управување** Одбор на директори *(3-15 члена* –извршни и неизвршни директори*).* **Двостепен систем на управување** (*управен одбор и надзорен одбор, од 3-11 члена – физички лица*).	Управител, едно или повеќе физички лица, деловно способни и надзорен одбор – незадолжителен.
ОРГАН НА ОДЛУЧУВАЊЕ	Собрание на акционери	Собир на содружници
ОСНОВАЧКИ АКТ	Статут	Договор за основање на ДОО / Изјава за основање на ДООЕЛ.

АД (joint stock companies - JSC) **-** Пред поднесувањето пријава за упис на АД во трговскиот регистар, вкупниот износ на сите уплати во пари не може да биде помал од 12.500 евра, односно од 25.000 евра, додека непаричниот влог се внесува во целост.

Во Северна Македонија акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на РС Македонија. ЗТД познава два рода акции: **обични** и **приоритетни** и две класи на приоритетни акции: **кумулативни** и **партиципативни**.

Обичните акции им даваат на нивните сопственици: право на глас во собранието на друштвото; право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

Приоритетните (преференцијални) акции даваат одредени повластени права во однос на дивидендата, како што се: а) право на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата (фиксна дивиденда) и б) право на првенство при исплата на дивиденда. Притоа, кумулативната приоритетна акција му дава на сопственикот право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди од минати години пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции. Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената (фиксна) дивиденда и право на исплата на дивиденда којашто им припаѓа на сопствениците на обични акции.

ДОО (limited liabiliti company - LLC) е доминантна организациска форма на трговските друштва на пазарот во Северна Македонија, но и во други земји, бидејќи

е затворен модел кој има контрола врз членството (пристапување и истапување од друштвото), по што е слично со персоналните друштва. Но, и покрај тоа се смета за друштво на капитал, со примеси на персонални друштва. Во АД, пак е важен само вложениот капитал, а не и лицата кои го вложиле.

Податоците за структурата на новосоздадените претпријатија според правната форма покажуваат дека најголемо учество имаат претпријатијата категоризирани во групата друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва и тоа:

ГОДИНА	ДОО и АД	Соопштение на ДЗС[1]
2020	80,7 %	22.07.2022
2019	64,3 %	28.05.2021
2018	69,9 %	29.05.2020
2017	72,3 %	31.05.2019

Атрактивноста на ДОО е и во фактот дека може да се основа без основачки влог, но со обврска истиот да го уплати во рок од 1 година од основањето. Во 2021 година во Северна Македонија е создадена законска основа за регистрирање на „поедноставено друштво со ограничена одговорност“ (ПДОО), специфичен модел на ДОО кој може да се основа само од физички лица (најмногу 3), со основна главнина од 1 евро и со влог од 1 цент, во парична форма.

Персонални друштва

Во **персонални друштва** кои се основаат со оглед на личните својства на содружниците (заемна доверба, лично познавање, деловни врски), според ЗТД, спаѓаат јавното трговско друштво (ЈТД), командитното друштво (КД) со елементите на друштвата на капиталот и командитното друштво со акции (КДА).

- ЈТД формираат две или повеќе физички и правни лица (содружници), врз основа на склучување на договор за друштво.
- КД е друштво во коешто се здружуваат две или повеќе физички и правни лица од кои најмалку едно е со статус на комплементар и најмалку едно е со статус на командитор.
- КДА е друштво чијашто основна главнина е разделена на акции и во коешто еден или повеќе содружници се со статус на комплементари и најмалку три содружници имаат својство на акционери, наречени командитори.

Содружниците на ЈТД и комплементарите во КД и во КДА, одговараат за обврските на друштвото неограничено и солидарно со сиот свој имот, причина што овие форми на трговски друштва многу поретко се појавуваат во практиката.

Командиторите во КД и во КДА каде што имаат својство на акционери, одговараат за обврските на друштво до висината на уделот, како и содружниците на ДОО и акционерите на АД,

---

[1] Државен завод за статистика на РСМ, МакСтат База, Демографија на препријатијата https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=83&rbrObl=22

Парични и непарични влогови

Влоговите во друштвата можат да се состојат од пари (парични влогови), од материјални добра (подвижни и недвижни) и права што имаат имотна вредност, коишто можат да се проценат и да се изразат во пари (непарични влогови). По исклучок, содружниците во ЈТД, односно комплементарите во КД можат да вложат и труд и услуги.

Стопанска интересна заедница (СИЗ)

СИЗ е вид на асоцијација во која се здружуваат две или повеќе физички и правни лица, со цел и да го унапредат вршењето на своите дејности и да го зголемат или подобрат нивниот резултат. Оваа заедница може да биде асоцијативен член во соодветна СИЗ основана во странство, но не може да биде член на друга СИЗ. Предметот на работење на СИЗ може да биде само во врска со трговските дејности коишто ги вршат членовите и можат да бидат само помош на тие активности. Она што е карактеристично за ваквиот тип на заедница е тоа што таа за себе не остварува добивка. Добивката што се остварува како резултат од нејзиното работење се смета за добивка на членките на СИЗ и се распределува меѓу нив. Членовите на СИЗ одговараат за обврските што ги презела заедницата со целокупниот свој имот. Основањето се врши со договор за основање на СИЗ при што се определува нејзината организација. СИЗ стекнува својство на правно лице со денот на уписот во трговскиот регистар.

Поврзаност на друштвата и односи меѓу нив

Поврзувањето на трговските друштва коишто го задржуваат својот правен субјективитет и просторот за самостојно делување, може да се врши по пат на вклучување (учество) на едно друштво во основачкиот капитал на другото друштво со стекнување на удел, односно на акции (капитална поврзаноста на друштвата).

Во компаниското право на Северна Македонија, според процентот на учеството (поврзност) во основачкиот капитал на друго друштво, односно на гласови на собранието/собирот на друго друштво, друштвата можат да бидат категоризирани на начин прикажан во табелата подолу.

Табела: Категории на капитално поврзување според % на учество во основната главнина

Категории **на капитално учество**	**% на учество во основната главнина**
Минимално учество	Под 10% / Нема третман на директна инвестиција
Учество	Најмалку 10%, најмногу 20%
Значајно учество	Најмалку 20%, најмногу 50%
Мнозинско учество	Повеќе од 50%
Целосна сопственост	100%

Определено ниво на учеството на едно во друго друштво доведува до воспоставување на соодветни правно квалификувани меѓусебни односи на друштвата, според кои поврзаните друштва можат да се класифицираат во група на: зависни, владејачки и друштва кои дејствуваат заеднички.

Табела: Меѓусебните односи на поврзаните друштва

ПОВРЗАНИ ДРУШТВА	ОДНОСИ МЕЃУ ПОВРЗАНИТЕ ДРУШТВА
Зависни	Друштва над кои други друштва имаат посредно или непосредно преовладувачко влијание.
Владејачки	Друштво со **преовладувачко влијание** врз друго-зависно друштво, ако: има мнозинство од гласовите или повеќе од 40% од вкупниот број на гласовите во друго друштво, а ниту еден друг содружник / акционер не поседува поголем број на гласови во друго друштво.
Друштва кои дејствуваат заеднички	Друштва кои **склучиле договор** заради стекнување или отстапување на правото на глас со цел да се обезбеди водење на заедничка политика спрема друштвото.

Упис во Трговскиот регистар

Основањето на деловните субјекти (трговско друштво, трговецот поединец, СИЗ, подружница на странско лице) во Северна Македонија се врши со упис во Трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на РС Македонија, исклучиво по електронски пат (Систем за е-регистрација) преку регистрациони агенти: лиценцирани вршители на сметководствена дејност, адвокати и адвокатски друштво, кои имаат овластување за поднесување пријава за упис преку воспоставениот Систем за е-регистрација или самостојно од страна на органот на управување доколку поседува дигитален сертификат (електронски потпис).

Постапката за регистрација се врши преку едношалтерскиот систем, што подразбира дека сите неопходни активности за регистација на бизнисот и доделувањето на даночен број (ЕДБ) се вршат на шалтерот во Централниот регистар.[2]

Општа клаузула за бизнис

Во Северна Македонија постои Национална класификација на дејности (НКД-РЕВ.2), во која се наведени сите дејности со стандардни називи и шифри. Деловните субјекти, повикувајќи се на општата клаузула за бизнис[3] при уписот во Трговскиот регистар стекнуваат можност за вршење на сите дејности според НКД. За поголемиот дел од дејностите не се потребни дозволи, но постојат исклучоци кои може да се

2 Регистрација на даночен обврзник и отворање на бизнис http://www.ujp.gov.mk/mk/pravni_lica/category/1024

3 Законот за изменување и дополнување на законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица „Службен весник на РМ“ бр. 150/07.

вршат откако ќе се добие дозвола од надлежен орган. Секој субјект при уписот ја определува својата приоритетна дејност (главна приходна шифра), која не ја исклучува ниту ограничува примената на општата клаузула за бизнис. Централниот регистар автоматски врши проверка на главната приходна шифра и доколку врз основа на првиот поднесен образец за распределба на остварени приходи по дејности на субјектот за претходната година утврди дека најголемиот остварен приход е од друга дејност, различна од онаа чија приходна шифра е упишана како главна, ќе ја внесе за главна шифрата на дејноста од која е остварен најголемиот приход.

Лица кои задожително се регистрираат кај даночниот орган

За лицата кои не се опфатени во едношалтерскиот систем, постапката за регистрација и доделувањето на даночен број се врши директно во даночниот орган (Управата за јавни приходи). Ова се однесува за: странските правни лица – за целите на задржаниот данок; странските физички лица; верските службени лица; и проектите регистрирани во Владата на РС Македонија.

Регистрирањето на дејноста за оваа категорија на лица се врши со поднесување на Пријава за регистрација на даночен обврзник (образец УЈП-РДО) до даночните канцеларии на УЈП според местото на седиштето на обврзникот, односно според местото на живеење.

Права на странско лице како како инвеститор во Северна Македонија

Странско лице – нерезидент може да биде содружник/акционер и да стекнува удел или акции во новоосновано и во постојно трговско друштво регистрирано на територијата на Северна Македонија, на ист начин под истите услови како државјаните на Северна Македонија и правните лица запишани во Трговскиот регистар. Трговското друштво со странско учество ги има сите права и обврски како и трговското друштво без странско учество, освен во случаите определени со закон.

Учеството на странско лице во новоосновано и во постојно трговско друштво не е ограничено, освен по исклучок утврден со закон. Странското лице, според тоа, може да се јави како единствен основач, односно единствен содружник/акционер со учество од 100% во капиталот на друштвото или да има положба на сооснивач или содружник во друштвото од повеќе членови, при што висината на неговото учество може да биде различна, но за да има правен третман на директна странска инвестиција треба да изнесува над 10% во согласност со ЗДР. Друштвата со странско учество во Северна Македонија имаа статус на резидент.

Резидентите во кои странските лица имаат вложување кое се смета за директна инвестиција имаат обврска да го пријават, како и сите натамошни измени на вложувањата кои се сметаат за директна инвестиција, во Регистарот на директни инвестиции на нерезидент во РС Македонија, при Централниот регистар во согласност со ЗДР.



Извор: https://www.nbrm.mk/direktni_investicii_sostojbi.nspx

На странските инвеститори им се гарантира со Уставот на РС Македонија и со законите, правото на слободно изнесување на вложениот капитал и на добивката. Делот од добивката на трговското друштво што му припаѓа на странско лице (дивиденда), односно износот во случај на продажба на уделот или на акциите, може, по налог на странското лице, слободно, без дозвола, да се дозначи во странство во валутата на вложувањето ако друштвото располага со парично покритие.

Основање фирма од странско лице во Република Северна Македонија

Странските правни и физички лица (нерезиденти) може да ги основаат истите форми на деловни субјекти во Северна Македонија како и домашните резиденти: **сите видови на трговски друштва, трговец - поединец (индивидуален вршител на дејност) и подружница на странско лице.**

За странските правни и физички лица кои вршат дејност во Северна Македонија, важи правило дека во работењето се изедначени со домашните правни и физички лица и дека работат според законите на Северна Македонија, со определени исклучоци предвидени со меѓународен договор или со закон.

Покрај вложувања во трговски друштва, странското лице може да основа и **подружница** за вршење на трговска дејност на територијата на Северна Македонија. Подружница не е правно лице, туку организациски дел на странското лице, и истата настапува во правниот промет во име и за сметка на странското лице. Одговорноста за обврските настанати со работењето на подружницата во Северна Македонија, ја сноси странското друштво, односно странскиот трговец-поединец при што одговара со целиот свој имот.

Странското друштво може да организира повеќе подружници, додека странски трговец-поединец, само една. Во Северна Македонија е воведен **принцип на реципроцитет** во поглед на организирање на подружница, според кој странско лице ќе биде обврзано да организира подружница како услов за вршење на дејност во Северна Македонија, само доколку таков услов постои за македонското друштво/трговец-поединец за да можат да вршат дејност во домицилната држава на странецот. Подружницата на странско лице се регистрира во Трговскиот регистар, а како директна инвестиција и во Регистарот на директни инвестиции на нерезиденти, во Централниот регистар.

Странското друштво може да организира и **претставништво** во Северна Македонија кое се регистрира во Централниот регистар. Претставништвото нема својство на правно лице, и за разлика од подружницата, странското друштво преку претставништвото не може да врши трговска дејност. Претставништвото на странско лице не претставува директна странска инвестици.

Класификација на трговците

Во Северна Македонија трговските друштва и трговци-поединци се класифицираат во големи, средни, мали и микро трговци, во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години (пресметковни години).

Северна Македонија: Споредбена табела

Критериуми	Класификација на трговците			
	Микротрговец	Мал трговец	Среден трговец	Голем трговец
	Исполнување на двата критериума	Исполнување на мин. 2 критериуми од трите		Трговците кои не се распоредуваат во мали или средни стекнуваат статус на големи трговци
Просечен бр. на вработени	До 10	До 50	До 250	
Годишени приход во евра	Под 50.000	Под 2.000.000	Под 10.000.000	
Просечна вредност на активата на поч. и на крај. на год. во евра		Под 2.000.000	Под 11.000.000	

Финансиските институции и трговците кои составуваат консолидирани финансиски извештаи се распоредуваат во големи трговци.

Водење на сметководството

Големите и средните трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ). Другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти (МСФИ за МСС).

Трговецот, вклучително и подружница на странско лице, ги води трговските книги на македонски јазик, со арапски цифри и со вредности изразени во денари. Трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, по системот на двојно книговодство, со примена на единствени сметки пропишани со сметковен план. Со сметковни планови се утврдуваат сметките коишто се задолжителни за сите друштва, ако со закон не е поинаку определено.

Годишно финансиско известување

Во врска со годишното финансиско известување во Северна Македонија, слично како во компаративните законодавства, сите трговци: микро, мали, средни, големи, трговци-поединци, како и подружници на странски лица имаат обврска, по истекот на деловната година да изготват годишна сметка (ГС) заклучно со февруари тековната година, а средните и големите трговци, покрај годишна сметка, имаат и обврска да изготват финансиски извештаи (ФИ) и да ги достават до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар најдоцна до 15 март, во електронска форма.

ГС вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки. ФИ вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со МСФИ. ФИ подлежат на независна годишна ревизија, и по ревидирањето и одобрувањето од собирот на содружниците / собранието на акционерите, заедно со извештајот за работење на друштвото во изминатa деловна година, се доставуваат до Регистарот на годишни сметки заклучно со 30 јуни тековната година.

Трговски друштва кои по основ учество во основната главнина на друго друшто (капитално поврзани друштва) располагаат со над 40% од вкупниот број на гласовите на собирот, односно собранието на друго друштво, а другите содружници/акционери не поседуваат поголем број на гласови, имаат обврска да состават и консолидирана годишна сметка (КГС) и консолидирани финансиски извештаи (КФИ). КГС се доставуваат до Регистарот на годишни сметки заклучно со 30 март, а по ревидирањето и усвојувањето на годишното собание на акционери, односно собирот на содружници, ревидираните и одобрени КГС и КФИ се доставуваат до Регистарот на годишни сметки заклучно со 30 јуни тековната година.

До даночниот орган се доставува даночен биланс за оданочување на добивка (образец ДБ) за даночниот период од една календарска година.

Распоредување на добивка

На годишното собрание на акционерите, односно годишниот собир на содружниците, кој се одржува заклучно со 30 јуни, сопствениците на капиталот ги усвојуваат ГС и ФИ, годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучуваат за распоредување на добивката, односно за покривање на загуба од минати години. Нето-добивката (добивка по оданочување) може да се распореди за: покривање на загубата од минати години (доколку таква има); за законските и статутарни резерви; дивидендата; бонусите на вработените; инвестиции, или да се пренесе во наредната година (акумулирана добивка).

За законските резерви (општ резервен фонд) се издвојува дел од нето добивката кој не може да биде помал од 5%, сè додека резервите на друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на 1/10 од основната главнина.

За исплата на дивиденда, освен годишната добивка, може да се користи и акумулираната добивка, откако ќе се покријат загубите од минатите години и законските и статутарните резерви. Дивидендата се дели во согласност со процентуалното учество на секој удел или според правилата утврдени во статутот/договорот за друштвото. Дивиендата се исплаќа заклучно со 30 септември тековната година. Може да се исплати во пари (готовинска/парична дивиденда) или во удели, односно акции (акциска дивиденда), преку зголемување на основачкиот капитал.

Даночниот треман на дивидендата, при исплата на резиденти и нерезиденти, правни и физички лица, е уреден со Законот за данок на добивка. Резидентните друштва имаат обврска да задржат данок (данок по задршка - withholding tax) при исплатата на приходи од дивиденди на акционери, односно содружници - странски правни лица. Предност во примената пред домашната регулатива (Законот за данок на добивка) имаат важечките договори за одбегнување на двојно оданочување и даночните стапки во нив.

Доколку друштвото одлучи да ја покрие загубата од минатите години, покрај дел од годишната нето добивка, како извори за покривање на загубата за редоследно се користат:

1) акумулираната добивка;
2) задолжителната општа резерва;
3) посебните резерви за покривање загуби;
4) премии и
5) основната главнина на друштвото, со нејзино намалување.

Престанок на трговското друштво

Друштото може да престане по неколку основи: истекот на времето определено во основачкиот акт; одлуката на членовите на друштвото; статусните промени (присоединување, спојување, поделба) кои доведуваат до престанок на друштвото; одлука на судот; ликвидација и стечај.

Ликвидацијата се спроведува со одлука на друштвото, кога истото има доволно имот да ги подмири сите свои обврски. Во спротивно, се спроведува стечајна постапка, која е условена со инсолветноста на друштвото и блокирана трансакциска сметка од страна на доверителите. Како резултат на ликвидацијата, стечајот, статусните промени (присоединување на едно кон друго друштво, спојувањето на две друшта во едно ново), трговското друштво се затвора и брише од Трговскиот регистар при Централниот регистар.

Имотот што останува по намирување на обврските спрема доверителите се распределува меѓу членовите на друштвото.

КОМПАНИСКО ПРАВО ВО СРБИЈА

Правна рамка

https://edukacija.rs/poslovne-vestine/menadzment/osnovne-karakteristike-privrednih-drustava

Во Србија, статусот на деловните субјекти примарно е уреден со Законот за стопанските друштва (оригинал: Закон о привредним друштвима – ЗПД „Службени гласник РС», бр. 36/11,... и 109/21) поврзано со прашањата за основање, управување, статусни промени, промени на правната форма и престанокот на друштвото.

Правни форми на деловно организирање

Во Србија, како и во Северна Македонија и Албанија, постојат две основни правни форми на деловно организирање, и тоа:

- стопанско друштво – правно лице и
- претприемач (ориг. предузетник) – физичко лице, деловно способно, кое врши дејност со цел за остварување приходи, а за обврските настанати во врска со дејноста одговара со целиот свој имот.

Правни форми на стопанските друштва

Форми на стопанските друштва во Србија се:

Персонални друштва:

- ортачко друштво (ОД), во кое членуваат ортаци и
- командитно друштво (КД), во кое членуваат комплементари и командитори.

Друштва на капитал:

- друштво со граничена одоговорност (ДОО) – членови на ДОО и
- акционерско друштво (АД), во кое членуваат акционери.

Наведените форми на стопански друштва се застапени во поголем број модерни законодавства, вклучително и во законодавствата од оваа компаративна анализа, со мали разлики, кои особено за најстандардната форма на друштвото – ДОО не се од суштествено значење.

Ортачко друштво – ОД (parthership company) е друштво од два или повеќе ортаци кои се неограничено солидарно одговорни со целокупнот свој имот за обврските на друштвото. Се основа со договор за основање, во кој се дефинираат, меѓу другото, видот и вредноста на влогот. Карактеристично за сите персонални друштва е дека влогот, освен од пари, материјални добра и права, може да се состои и од труд и услуги. Еквивалент на оваа форма на стопанско друштво во Србија е ЈТД во Северна Македонија. Друштвото одговара за своите обврски со севкупниот имот. Добивката на друштвото се распределува меѓу ортаците на еднакви делови, освен ако не е поинаку договорено.

Командитно друштво – КД (limited partnership, special partnership) има најмалку два члена, од кои најмалку еден за обврските на друштвото одговара неограничено солидарно (комплементар), а најмалку еден одговара ограничено до висината на својот договорен влог (командитор). Истата форма на друштвото со истиот назив постои и во македонското компаниско право. Непаричниот влог на комплементарот, како и на ортакот во ортачко друштво може да биде во труд и услуги. Командитори и комплементари учествуваат во добивката и покривањето на загубата на друштвото сразмерно на своите удели, освен ако не е поинаку договорено. Комлементарите го водат работењето на друштвото и го застапуваат.

Друштво со ограничена одговорност – ДОО (limited liabiliti company - LLC), поради своите карактеристики како најекономична форма на друштво со механизми на заштита на членството, има оправдана доминација и во Србија, како и во Северна Македонија. Во компаративните законодавства, основните белези на ДОО се идентични. Ова друштво може да има еден или повеќе членови (кои во мак. законодавство се нарекуваат содружници) кои имаат влогови во основната главнина на друштвото, со тоа што членовите на друштвото не одоваараат за обврските на друштвото, освен во исклучителни случаи. Минимален основен капитал на ДОО (паричен и/или непаричен) изнесува 100 динари, освен ако со посебен закон не е пропишан поголем износ за одредени дејности. Карактеристично за основање на ДОО во Србија е што влогот, при основање на друштвото, не мора да се уплати (паричен), односно внесе (непаричен: материјални добра и права), туку во основачкиот акт се утрдува рокот во кој мора да биде уплатен/внесен. Овој рок не може да биде подолг од 5 години од денот на донесување на основачки акт. Врз основа на влогот во основачкиот капитал на друштвото, членот на друштвото може да стекне само еден удел. Дивидендата се исплаќа сразмерно на уделите, освен ако не е поинаку предвидено во актот за основање.

Управување со ДОО може да биде организирано како:
- еднодомно (собрание и еден или повеќе директори) или
- дводомно (собрание, еден или повеќе директори и надзорен одбор).

Акционерско друштво – АД (joint stock company - JSC). Универзалниот концепт на АД, во сите законодавства, доследно и во Србија, подразбира основен капитал поделен на акции кои им припаѓаат на еден или повеќе акционери, кои не одоваараат за обврските на друштвото, освен во исклучителни случаи предвидени со закон. АД одговара за своите обврски со целокупниот имот.

Минимален основен капитал на АД во Србија изнесува 3.000.000,00 динари, освен во специјални случаи предвидени со закон. Капиталот (запишаните акции) се уплаќа по донесување на актот за основање, а пред регистрацијата на друштвото во Агенцијата за стопански регистри (оригинал: Агенција за привредне регистре – **АПР**) на времена сметка во деловна банка. И во Србија издавањето на акции е во дематеријализирана форма. Се регистрираат во Централниот регистар и гласат на име. Номинална вредност на една акција не може да биде пониска од 100 динари.

АД, освен основачки акт има и статут. Во основачкиот акт се дефинира дали се основа како јавно или нејавно друштво. Кај нејавно АД се применуваат одредбите од Законот за стопанските друштва што се однесуваат на основање на стопанските

друштва. Доколку се основа како јавно АД, се применува регулативата на Законот за пазарот на капиталот (оригинал: Закон о тржишту капитала) која се однесува на јавна понуда на акции и процедура за издавање на акции.

Управувањето со АД може да биде организирано како:

- Еднодомно: собрание и еден или повеќе директори. Ако друштво има три или више директора, тие чинат одбор на директора, во кој членуваат извршни и неизвршни директори.
- Дводомно: собрание, надзорен одбор и еден или повеќе извршни директори, односно извршен одбор, ако има 3 или повеќе директори.

Огранок на стопанското друштво е издвоен организациски дел на друштвото, преку кој друштвото може да ја врши својата дејност на територијата на Србија. Карактеристично за огранокот е дека нема својство на правно лице и дека во правниот промет настапува во име и за сметка на друштвото, што значи дека нема правна самостојност, а друштвото одговара за обврските на огранокот кон трети лица. Еквивалент на оваа организациска форма во Северна Македонија е подружница на трговското друштво.

Видови на поврзани друштва

Српското законодавтство познава три вида на поврзани друштва: група на друштва (концерн); холдинг и друштва со заемно учество во капиталот. Поврзувањето е по основ на учество во основниот капитал, договорот или капиталот и договорот (мешовито поврзани друштва).

Деловно здружение

Во Србија, стопанските друштва и претприемачите може да се здружуваат во деловно здружение, еквивалент на СИЗ во Северна Македонија, заради постигнување на заеднички интереси. Деловно здружение е правно лице, се регистрира во АПР и не може да врши дејност заради остварување на добивка.

Регистрација

Регистрацијата на друштавата и претприемачите се врши во согласност со прописот за регистрација.[4] Се запишуваат во Регистарот на стопанските субјекти (ориг. Регистар привредних субјеката) кој се води од страна на Агенцијата за стопански регистри (ориг. Агенцији за привредне регистре – **АПР**),[5] Регистар на стопански субјекти (ориг. Регистар привредних друштва) по електронски пат, преку едношалтерскиот систем за регистрирање.

---

[4] Закон о поступку регистрације у Агенцији за привредне регистре („Службени гласник РС“, бр. 99/11, 83/14, 31/19 и 105/21)

[5] https://apr.gov.rs/registri/privredna-drustva/uputstva/osnivanje.2030.html

При основање, друштвото може да се регистрира како обврзник на данокот на додадена вредност – ДДВ (ориг. Порез на додату вредност - ПДВ). Друштвото мора да се регистрира во системот на ДДВ ако во претходните 12 месеци има приход преку 8 милион динари.

Дејности на друштвото

Во однос на опфатот на дејностите што може да ги врши друштвото во Србија, применлива е општата клаузула на дејност како и во Северна Македонија. Поконкретно, друштвото има основна дејност, но може да ги извршува и сите други дејности кои со закон не се забранети, независно од тоа дали се определни во основачкиот акт. Вршење на некои дејности е условено со претходно одобрение, сагласност или добивање друг акт од надлежниот орган. Одлуката за промена на основната дејност ја носи друштвото.

Основање фирма од странско лице во Србија

Странски правни и физички лица (нерезиденти) може да основаат стопански друштва во секоја од правните форми уредени со законските прописи на Србија, без ограничување. Нерезидентот може да биде 100% сопственик на друштвото, или да има учество со одреден процент покрај другите соосновачи, странски или домашни лица. Регистрацијата на друштвата со странско учество се врши во АПР, исто како и на друштва со домашен капитал.

Освен преку основање на друштво, нерезидентите може да вршат дејност во Србија и преку огранок на стопанско друштво, еден или повеќе, кој е пандан на подружницата како организациска форма преку која странското лице може да врши дејност на територијата на Северна Македонија. Огранокот на странското лице, како негов организациски дел, работи според законите на Србија. Странското друштво одговара за обврските на огранокот неограничено со својот имот. Огранокот на странското лице, иако нема својство на правно лице, за даночни цели има статус на српски резидент.

Претставништво е уште една организациска форма преку која нерезедентите може да бидат присутни во Србија. Статусот на претставништвото, универзален во компаративните законодавста, го дефинира како организациски дел на друштвото без својство на правно лице и без можност да врши стопанска дејност, со единствена цел да извршува претходни подготвителни работи заради склучување на вистински зделки од страна на друштвото или непосредно во врска со своето тековно работење. Странското друштво одговара за неговите обврски во правниот промет.

Класификација на правни лица и претприемачи

Во Србија се врши класификација на правните лица и претприемачи на големи, средни, мали и микро, врз истите критериуми како и во Северна Македонија: бројот на вработените, годишниот приход и вредноста на вкупната актива на датумот на билансот по годишниот финансиски извештај (31 декември). Во однос на приме-

ната на сметководствените стандарди, големите субјекти водат сметководство во согласност со МСФИ, а малите и средните во согласност со МСФИ за МСС, доколку не одлучат да применат МСФИ.

Србија: Споредбена табела

Критериуми	Класификација на правни лица и претпиемачи			
	Микро	Мал	Среден	Голем
	Исполнување на мин. 2 од следните критериуми			Правни лица и преприемачи кои надминуваат 2 од 3 крит. за среден субјект.
Просечен бр. на вработени	До 10	До 50	До 250	
Годишен приход во евра	До 700.000	До 8.000.000	До 40.000.000	
Вредност на вкупната актива на денот на билансот во евра	До 350.000	До 4.000.000	До 20.000.000	

Годишни финансиски извештаи

По истекот на деловната година, во компаративните законодавства, претходно укажано и за Северна Македонија, друштвата и претприемачите имаат известувачки обврски за финансиската состојба на субјектот кон органите на друштвото и пред надворешните институции.

Правните лица и претприемачи во Србија, како и огранокот на странското друштво, се должни да изготват ФИ за изминатата деловна година и да ги достават до Агенцијата за стопански регистри (АПР) во согласност со законските прописи,[6] во следните рокови: редовните ФИ најдоцна до 31 март наредната година и консолидираните ФИ од страна на обврзниците за составување (матични правни лица) до 30 април наредната година. Консолидирани ФИ се ФИ на економската целина (група) што ја сочинуваат матичното и сите зависни правни лица. Матичното правно лице има контрола над зависните правни лица во случаите уредени со Законот за сметковоство.

Редовните ФИ на големите и средните правни лица вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за останатиот резултат, извештај за промените во капиталот, извештај за паричните текови и објаснувачки белешки, подготвени во согласност со МСФИ. Редовните ФИ на останатите правни лица и преприемачи вклучуваат биланс на состојба, биланс на успех и објаснувачки белешки, со исклучок на микроправни лица чии ФИ ги опфаќаат само билансите.

6 Закон о рачуноводству („Сл. Гласник“, бр. 73/19 и 44/21) и Правилник о условима и начину јавног објављивања финансиских извештаја и вођењу Регистра финансијских извештаја („Сл. Гласник“, бр. 142/20.

Документацијата која оди со ФИ (одлука за усвојување на ФИ; годишен извештај за работење на субјектот; ревизорски извештај) се доставува одделно од нив, во посебни рокови: до 30 јуни документацијата со редовен годишен финансиски извештај, односно до 31 јули документацијата со консолидираните финансиски извештаи. Оваа документација ја доставуваат само правни лица – обврзници на ревизија.

ФИ (редови и консолидирани) и докуметацијата се доставуваат до АПР во електронска форма. До даночниот орган се поднесува даночен биланс (ориг. Порески биланс - Образац ПБ1).

На годишно собрание како редовна седница на сопствениците на капиталот, кое и во Србија како и во Северна Македонија се одржува најкасно во рок од шест месеци по завршувањето на деловната година (30 јуни), се усвојуваат финансиските извештаи и се одлучува за распределба на добивката. Добивката се распределува според следниот редослед: покривање на загубите од минати години, дел за законските резерви, доколку се предвидени со посебен закон, а остатокот од добивката може да се распредели за исплата на дивиденда, статутарни резерви и за исплата на вработените. Краен рок за исплата на дивиденда е шест месеци од денот на донесување на одлуката за исплата. Дивидендата може да биде исплатена во пари (парична) или во акции (акциска) дивиденда.

Плаќањето на дивиденда на странските правни и физички лица кои се јавуваат како основачи/содружници/акционери во стопанските друштва во Србија е регулирано со Законот за данокот на добивка (ориг. Закон о порезу на добит правних лица). При исплатата се води сметка за даночната стапка која треба да се примени за пресметката на данокот по одбивка (задржан данок – withholding tax), со оглед дека Србија, како и Северна Македонија, има потпишано договори за одбегнување на двојно оданочување со голем број држави.

Престанок на друштвото

Друштвото престанува со бришење од Регистарот на стопанските субјекти, по основ на спроведена постапка за ликвидација како последица на одлуката на членовите на друштвото/акционерите или присилна ликвидација поради определени правни ситуации уредни со закон (забрана за вршење на дејност, одземање дозвола, лиценца, ништовност на регистрацијата и др.); стечајна постапка и статусна промена која има за последица престанок на друштвото. Ликвидацијате на друштвото може да се спроведе ако има доволно средства да ги намири своите обвски. Остатокот од ликвидационата маса (имот што ќе остане по ликвидација) се распределува помеѓу членовите на друштвото.

КОМПАНИСКО ПРАВО ВО АЛБАНИЈА

Правна рамка

И во Албанија, како и во законодавствата опфатени со компаративната анализа, статусниот аспект на бизнис ентитетите: основање, управување, статусни промени, промени на правната форма и престанокот, примарно се уредени со Законот за претпримачи и трговски друштва (оригинал: Për tregtarët dhe shoqëritë tregtare, LIGJ Nr.9901, date 14.04.2008).

Покрај тоа, Граѓанскиот законик предвидува граѓански партнерства врз основа на договор, со цел две или повеќе лица да вршат стопанска дејност, заради стекнување и поделба на добивката.

Правни форми на деловно организирање во Албанија

Според албанското законодавство, следствено и во компаритивните законодавства, на резидентите и нерезидентите, физички и правни лица им стојат на располагање следните форми на деловно организирање:

- Преприемач (трговец поединец) – физичко лице кое врши самостојна професионална или економска активност која бара едноставна деловна организација. Трговецот поединец го задржува својот статус на физичко лице и истовремено ја стекнува правната способност на трговец, односно да биде странка во трговските односи.
- Трговско друштва – правно лице, основано од две или повеќе лица заради остварување заеднички економски цели преку учество дефинирано со статут. Друштвата стекнуваат правен субјективитет на денот на нивното регистрирање во Националниот центар за регистрација.

Правни форми на трговските друштва

Форми на трговските друштва во Албанија се:

- Општо партнерство. Компанијата претставува општо партнерство доколку е регистрирана како таква, ја врши својата дејност под заедничко име и одговорноста на содружниците кон доверителите е неограничена. Пандан на оваа организациска форма е ЈТД во Северна Македонија, односно ортачко друштвот во Србија.
- Ограничено партнерство (командитно друштво) е друштво во кое одговорноста на барем еден содружник е ограничена до висината на неговиот удел (командитор), додека одговорноста на другите содружници е неограничена (комплементари). Истата форма постои во споредбените законодавства.

Карактеристично за сите персонални друштва, како и за општото партнерство во Албанија е дека влогот, освен од пари, материјални добра и права, може да се состои и од труд и услуги. Истото важи и за комплементарот во ограничено партнерство.

- Друштво со ограничена одговорност (ДОО) (Shpk /LLC) може да биде основано од физички и/ или правни лица, чија одговорност за обврските на друштвото е до висината на уделот во капиталот на друштвото. Секој член го стекнува својот удел во друштвото сразмерно на неговиот влог. Запишаниот капитал е соодветно поделен помеѓу членовите. Основниот капитал на ДОО изнесува 100 леки (приближно 0,85 евра). Правните односи меѓу членовите се утврдуваат со статут, освен ако за тоа законот не предвидува поинаку. ДОО може да се формира само од едно лице. Органи на друштвото се генерално собрание и еден или повеќе управни директори, именувани од собранието.
- Акционерско друштво АД (joint stock companies (Sha) е друшто кое има основна главнина поделена на акции кои им припаѓаат на основачите – физички или правни лица, кои не се одговорни за обврските на компанијата и ја сносат одговорноста само до износот на нивното учество во основната главнина. Основната главнина на АД со приватна понуда не може да биде помала од 2.000.000 леки, а со јавна понуда не може да биде помала од 10.000.000 леки. Акциите можат да бидат обични и повластени. АД можат да биде формирано и само од едно лице.

АД е единственото правно лице на кое според албанското законодавство му е дозволено да издава обврзници.

Моделот на управување на АД, впрочем, како и во другите законодавства, може да биде: едностепен (собрание на акционери и одбор на директори, во кои се комбинирани управувачки и надзорни функции) и двостепен (собрание, еден или повеќе управни директори и надзорен одбор, со јасно поделени раководни и надзорни функции меѓу двата органи).

Влоговите во ДОО и АД како друштва на капиталот можат да се состојат од пари, од материјални добра (подвижни и недвижни) и права што имаат имотна вредност, на пример, интелектуална сопственост. Не се дозволени влогови во труд и услуги.

Совет на вработени

Карактеристично за албанските компании со над 50 вработени е формирање на работнички совет кој ги застапува интересите на вработените во друштвото. Во компанија која има повеќе од 20, но помалку од 50 вработени, функциите на советот на работниците ги покрива еден претставник. Советот учествува во одлучувањето за искористување на посебните фондови и други средства на друштвото, како и за распределба на добивката, којашто со одлука на собранието им припаѓа на вработените. Тие може да предлагат претставници на ниво на одбори на друштвото.

Филијали и претставништва

Друштвата може да основаат филијали и/или претставништва.

Филијалите (подружници) се организациски единици на друштвото, немаат статус на правно лице, вршат трговска дејност во име на компанијата, имаат седиште и застапник.

Претставништвата се канцеларии на друштвото кои немаат статус на правно лице, не вршат трговска дејност и не создаваат приходи, туку ја поттикнуваат дејноста на компанијата. Можат да склучуваат договори во име и за сметка на друштвото.

Регистрација

Трговските друштва и претприемачи, филијали и претставништва на странски друштва, граѓански партнерства се регистрираат во Националниот центар за регистрација (НРЦ). НЦР е единствениот орган во Албанија во чија надлежност е регистрација на компаниите и водење на трговскиот регистар. Трговскиот регистар е единствена база на податоци за субјектите кои, според албанското законодавство, вршат трговски активности. Регистарот се води во електронска форма.

Правилата за регистрација на трговските друштво и другите организациски форми важат и за албански и за странски државјани.

Сите податоци пријавени во Националниот центар за регистрација се објавуваат на веб-страницата на деловниот субјект и се достапни за секое заинтересирано лице.

Дејности на друштвото

Албанското законодавство има општ пристап кон определување на дејностите кои може да се вршат во Албанија, што би можело да се толкува како прифаќање на општата клаузула за бизнис, со оглед дека компанијата може да се занимава со каква било активност што не е забранета со закон, еквивалентно на правилата во Северна Македонија и Србија.

Основање фирма од странско лице во Албанија

Албанија е отворена за странски инвестиции и обезбедува одредено ниво на заштита на инвеститорите.

Од организациско-правен аспект, независно дали како инвеститор се јавува странско правно или физичко лице (нерезидент), Албанија ги нуди истите форми на странско учество кои постојат во компаративните законодавства на Северна Македонија и Србија: нерезидентот може да основа компанија како единствен инвеститор или како соосновач со повеќе лица (заедничко вложување) кои се сите нерезиденти или комбинирано резиденти и нерезиденти.

Нерезидентите можат да работат во Албанија и преку основање подружници и претставништва.

Друштвото со странски капитал, странски подружници и претставништва со седиште на територијата на Албанија, подлежат под законодавството на Албанија како домашен резидент.

Во 1993 година, Албанија усвои Закон за заштита на странски инвестиции со кој се дозволува решавање на споровите со инвеститорите од страна на Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID). Покрај тоа, Албанија има потпишно голем број билатерални инвестициски договори со различни земји. Како потписничка на одредени договори (пример, договор за енергетска повелба), странските директни инвестиции се заштитени според договорните услови.

Во Албанија нема ограничувања за странски државјани во однос на управување со компанија.

Поврзаност на друштвата и односи меѓу нив

Поврзаноста на друштвата, од која произлегува и нивниот меѓусебен однос, и во Албанија се цени според степенот на учество на едното друштво во основната главнина на другото, процентот на гласови на собранието и процентот на именување на членови во органите на друштвото.

Ако едно друштво, врз основа на својот капитален удел во друго друштво или врз основа на договор со тоа друштво, има право да именува најмалку 30% од членовите на управниот или надзорниот одбор или на управните директори на тоа друштво или ако има најмалку 30% од гласовите на собранието, тогаш тоа друштво ќе се смета за матично, а другото за контролирано друштво – зависно друштво – подружница (контролирана група).

Односите меѓу друштвата во контролираната група се воспоставени врз принципот на одговорноста на матичното друштво за работењето на контролираниот субјект на начин што албанското законодавство утврдува обврска матичното друштво да ги покрива загубите на контролираниот субјект и да им гарантира на доверителите на контролираниот субјект надомест на штета причинетата со неговото работење.

Статусни промени и трансформација на друштвото

И споед албанското законодавство ДОО и АД може да се преструктуираат со спојување со друго друштво (спојување), поделба на две или повеќе друштва (поделба) и менување на правната форма на друштвото (трансформација на АД во ДОО, и обратно). Услов е друштвото да постои најмалку една година. Друштвата не можат да се спојуваат спротивно на прописите за конкуренција

Годишни финансиски извештаи

Претприемачите и трговските друштва водат книги, составуваат и објавуваат годишни сметки и финансиски извештаи и извештаи од овластени ревизори во согласност со Законот за сметководство и финансиските извештаи.

Годишно собрание и распределба на добивка

Генералното собрание на ДОО и АД, на редовна годишна седница одлучува за прашањата поврзани со финансиската состојба на друштвото искажана во годишните финансиски извештаи за последната деловна година. Собранието ја усвојува годишната сметка, одлучува за распределба на добивката и покривање на загубите; за зголемување на основната главнина од добивката, за инвестирање, евентуална трансформација и престанокот на друштвото. Добивката (дивидендата) се распределува меѓу членовите на друштвото сразмерно на нивните удели /акции, освен ако со статутот не е поинаку определено.

Дивидендата може да се исплаќа доколку друштвото нема загуба по годишните финансиски извештаи и доколку се утврди дека има доволно ликвидни средства за подмирување на обврските кои доспеваат во следните дванаесет месеци.

Во Албанија, АД имаат обврска да издвојуваат 5% од нето добивката за задолжителните резерви, се додека резервите не достигнат износ еквивалентен на 10% од основната главнина или повисок износ, утврден со статутот. Истата обврска ја имаат и друштвата во Северна Македонија. Со Статутот може да се предвиди дел од добивката да се издвојува и за други резерви (статутарни резерви). Зголемување на основната главнина од акумулираната добивка на друштвото не е можно доколку друштвото искажало загуба во финсиските извештаи за последната деловна година.

Престанок на друштвото

Престанок на трговското друштво според албанското законодавство може да биде последица на: истекот на времето за кое е основано; одлука на генералното собрание; отворање на стечајна постапка; доколку две години не врши деловни активности и не известува за неактивниот статус; судска одлука и други причини предвидени со статутот.

Доколку не се отвори стечајна постапка, се спроведува ликвидација која подразбира друштвото да е солвентно и да ги подмири сите обврски во постапката. Преостанатите средства се распределуваат меѓу партнерите, содружниците или акционерите. Откако ќе се распределат средствата, ликвидаторот ќе го пријави крајот на ликвидацијата на Националниот центар за регистрација и ќе побара бришење на друштвото.